# З А П И С Н И К
## Од Шеснаесетата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 06.11.2025 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на шеснаесетата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Баким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Билјана Бабиќ, Лазо Трпков, Миле Грозданоски, Музбајдин Ќамиљи, Маја Седрак, Владимир Палашевски и Марјан Велевски.*

Други присутни на седницата: *Горан Атанасов Директор на Заеднички функции и администрација, Драган Николовски Одговорен уредник на МТВ1, Мерита Гаши Одговорен уредник на МТВ2, Наташа Андреескa Одговорен уредник на МРА1 и Себахат Нухиу Одроворен уредник на МРА3.*

Шеснаесетата седница на Програмскиот совет започна во 11:07 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Шеснаесетата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 15-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Извештај во врска со покривањето на Локалните избори 2025**
3. **Известување од ССНМ**
4. **Запознавање со технички-технолошки капацитети и инфраструктура на МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ,**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 15-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја отвори Петнаесетата седница на Програмскиот совет на МРТ со тоа што најпрво го прочита текстот на Предлог-записникот од Петнаесетата седница на Програмскиот совет и рече дека Записникот е поопсежен, бидејќи со него се дава целосен преглед на начинот на кој детално беше

разгледувана Годишната програма за работа за 2026 година, вклучително и појаснувањата во однос на Финансискиот план кој, согласно закон, не беше усвоен од страна на Програмскиот совет, како и делот кој се однесува на укажувањата на јавноста, што претставува законска обврска на Советот и дел од процесот на транспарентност. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Извештај во врска со покривањето на Локалните избори 2025**

Во врска со оваа точка тој истакна дека покривањето на Локалните избори 2025 од страна на Македонската радио телевизија беше реализирано објективно, професионално и навремено, вклучувајќи ја и предизборната кампања, како и дебатните емисии и отворените студија за двата круга на гласање, кои содржински, технички и продукциски беа на највисоко ниво.

Според Извештајот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), Македонската радио телевизија во текот на изборната кампања и медиумското покривање на Локалните избори 2025 известувала неутрално, професионално и избалансирано за учесниците во изборниот процес.

Дополнително според АВМУ, МРТ 1, МРТ 2 и Собранискиот сервис ги исполниле своите законски обврски утврдени во Изборниот законик, овозможувајќи им на сите кандидати рамноправен пристап до медиумски простор преку бесплатно политичко претставување, како и обврската да информираат на начин прилагоден за лицата со сетилна попреченост преку едно издание на вестите секој ден и едно издание на актуелно-информативна емисија неделно. Со тоа се потврдува општествената улога и јавниот интерес што го има јавниот сервис во изборниот процес.

Во услови на специфични избори, какви што се локалните, извештајот дополнително констатира дека, со оглед на големиот број учесници - вкупно 153 станува сѐ потешко целосно да се исполнат принципите на еднаквост и пропорционалност во известувањето, поради ограниченото време во вестите и расположливите технички и кадровски капацитети. Сепак, МРТ вложи максимални напори и ресурси за да ги исполни своите законски обврски и да обезбеди правично, професионално и балансирано известување за сите учесници во изборниот процес.

Во продолжение, тој ги повика одговорните уредници да ги претстават своите извештаи за покривањето на изборниот процес, со цел членовите на Советот да бидат запознаени со реализираните активности, предизвиците и искуствата од медиумското известување.

Воедно и потенцираше дека со завршувањето на изборниот процес и по официјалното потврдување на резултатите од страна на Државната изборна комисија (ДИК), Програмскиот совет ќе може веднаш да пристапи кон објавување на јавен конкурс за избор на членови на Надзорен одбор, орган кој е од суштинско значење за финансиско-материјалното работење и понатамошното стабилно функционирање на Македонската радио телевизија.

Прва зема збор Наташа Андрееска Одговорен уредник на МРА1 која истакна дека, на овие Локални избори 2025-та имали 153 учесници-кандидати и се покажало дека со секои наредни избори бројот станува се поголем, а излезноста помала, па така се потешко се успева сите тие да се покријат медиумски и целосно да се исполнат принципите за рамноправност и пропрцијалност во известувањето.

Таа рече дека со оглед на пропишаните правила за изборна хроника, вести и емисии, а немање доволно технички и кадровски потенцијал не само во МРА, туку и воопшто да се покријат сите кандидати, вработените во ППС на МРА, Радио Скопје во соработка со колегите од МТВ го направиле најдоброто и ги извеле докрај професионално изборите како што доликува на Јавниот сервис. Па така МРА, Радио Скопје ја исполни обврската од Изборниот законик и на кандидатите им било понудено бесплатно политичко претставување што го прифатиле околу 30-тина кандидати и се претставиле пред јавноста, а МРА ги пренесуваше.

Исто така, таа рече дека согласно со законските надлежности МРА, Радио Скопје редовно ги следеше и активностите на политичките партии, коалициите и независните кандидати и информираше балансирано за Локалните избори 2025, како во Првиот, така и во вториот круг, без забелешки. Во време на Локалните избори 2025, секојдневно се следеше работата на Државната изборна комисија, нивните прес конференции и соопштенија кои беа навремено пласирани преку програмата со линк од МТВ. Не беа запоставени ниту огласувањата на Народниот правобранител, МВР, како и комисијата на Обвинителство за и околу случувањата и следењето на локалните избори.

Во деновите на гласање во ППС на МРА, Радио Скопје беа ангажирани посебни дежурства на новинари во прва и втора смена кои го следеа целодневно процесот на гласање, МВР, ДИК, Народен правобранител и други организации. Во двете недели на гласање имаше и отворена програма со двајца новинари-водители со почеток од 19 часот, по затворањето на избирачките места па до соопштувањето на резултатите.

Земено во целина, овие Локални избори 2025 поминаа во најдобар ред што се однесува до вработените во МРА, Радио Скопје, професионално и без тензија во известувањето и пласирањето на изборните активности и резултати.

На крај таа побара да бидат наградени новинарите кои биле вклучени во целиот процес за Локалните избори 2025.

Потоа зема збор Себахат Нухиу Одговорен уредник на МРА3 која рече дека Локалните избори 2025, поминале во согласност со законските обврски и со регулативата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ).

Редакцијата на албански јазик при Радио Скопје целосно го следела и медиумски го покрила изборниот процес, и во првиот, и во вториот круг на кампањата.

Медиумското покривање било реализирано преку централното информативно издание во 16:00 часот, со почитување на принципите на балансираност, правичност и непристрасност во известувањето.

Таа истакна дека за време на изборниот период, со цел да се обезбеди правично и сеопфатно информирање, во емисијата „Актуалитете“, која се емитува секој петок во 17:00 часот, биле реализирани балансирани интервјуа со кандидатите за градоначалници.

Во рамките на оваа емисија учествувале и претставници на Државната изборна комисија, г. Адмир Шабани и г. Борис Кондарко, како и политичките аналитичари Џелал Незири и Имер Селмани, кои дале свои анализи за текот и динамиката на изборната кампања.

Благодарение на целосното почитување на професионалните принципи и законските стандарди, Радио Скопје не добило никакви забелешки од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) во однос на известувањето за време на кампањата, и во првиот, и во вториот круг на Локалните избори 2025 година.

Следна зема збор Мерита Гаши Одговорен уредник на МТВ2 која истакна дека медиумското покривање на Локалните избори 2025 година, поминало успешно согласно законските одредби на АВМУ, како и согласно внатрешната програмска анализа. МТВ2 како дел од јавниот радиодифузен сервис, ги испочитува сите законски обврски, упатства и препораки од АВМУ. Реализацијата на програмата била на највисоко професионално ниво, без ниту едно прекршување на законските одредби, без забелешки и без ниту еден случај на неетичко или еднострано известување.

Таа рече дека во текот на изборниот период, МТВ2 реализирала вкупно 8 специјални изборни емисии, посветени на кандидатите за градоначалници од различни општини со мнозинско албанско население, и 3 политички анализи. Што се однесува до изборните емисии ( соочувања на кандидати за градоначалници) била конципирана како рамноправен и аргументиран телевизиски дуел, со цел јавноста да добие квалитетен увид во програмите, визиите и приоритетите на кандидатите.

Во двата изборни круга, МТВ2 беше отворен сервис – со јавни покани кон сите кандидати кои беа во трка. Во случаите кога некои кандидати не се појавија, тоа беше нивна одлука, а не ограничување од страна на редакцијата.

Особено го издвои дуелот меѓу Бујар Османи и Изет Меџити, за општина Чаир – единствениот дуел на албански јазик, и токму МТВ2 ја имала честа и одговорноста да го реализира во целосно фер и достоинствена атмосфера. Дебатата се реализирала на извонредно професионално ниво, без индикација за пристрасност, без фаворизирање на една страна, и со целосен баланс. Дебатата завршила со ракување меѓу кандидатите, симболично потврдувајќи дека МТВ2 е простор за демократски и достоинствен дијалог и со порака за потреба од демократска култура и заемно почитување.

Таа ја истакна соработката со БИРН која била професионално конципирана и транспарентно реализирана, со почитување на сите законски и програмски процедури. Преку овој модел, јавниот сервис овозможил поголем плурализам на мислења, новинарска експертиза и аналитичка длабочина во третманот на темите од локалните избори.

МТВ2, како јавен медиум, има обврска, но и право да биде отворен за соработка со релевантни граѓански организации и истражувачки медиумски мрежи, секако во рамки на професионалните стандарди и јавниот интерес.

Воедно, спомена и дека како значаен чекор кон инклузивност, МТВ2 поради недостиг на квалификуван кадар за толкување на јазикот за лица со попреченост, воведе титлување на едно издание на вестите, кое се емитувало секој ден во 22:30 мин, како и еден изборен дебатен термин неделно, титлуван за лица со попреченост. Таа рече дека тоа е придонес кон создавање достапни медиумски содржини за сите граѓани, согласно европските стандарди и обврските на Јавниот сервис.

На крај истакна дека иако со мал број на новинарски кадар, смета дека ова изборно покривање е доказ дека МТВ2 не само што ги исполнува, туку и ги надминува очекувањата за јавен сервис кој работи во интерес на граѓаните, со максимална транспарентност и професионалност.

МТВ2 и понатаму ќе биде сервис кој им припаѓа на сите граѓани, без оглед на нивната политичка, етничка или социјална припадност.

А на крај и таа се согласи со предлогот на Наташа Андрееска, Одговорен уредник на МРА1, да бидат наградени новинарите кои биле вклучени во работењето за Локалните избори.

Потоа збор побара Музбајдин Ќамиљи кој истакна дека немало потреба новинари од БИРН, односно од Косово и Албанија да учествуваат во содржини кои се однесуваат на Локалните избори 2025, кога во Македонија има многу добри и професионални новинари, кои може да го покријат сето тоа.

На ова одговори Одговорниот уредник на МТВ2 Мерита Гаши која рече дека покрај тоа што учествувале новинари од Македонија, целта била да се прошири соработката на повисоко ниво. Воедно истакна и дека БИРН е мрежа со свој канал и дека преку истата се пренесувале дебатите надвор од нашите граници.

Понатаму зема збор Драган Николовски Одговорен уредник на МТВ1 кој рече дека по завршувањето на Локалните избори 2025, МРТ1 смета дека остави зад себе уште еден успешно одработен изборен циклус. Имајќи ги предвид спецификата на локалните избори и особено нивната различност во споредба со парламентарните и со претседателските, Првиот програмски сервис вложи максимален ангажман и на гледачите им долови голем дел од проблематиката којашто што во фокус излегува на секои четири години. Доследно го почитуваше Изборниот законик и успешно се реалираше начинот на известување во предизборието и во текот на целиот циклус и на граѓаните им понуди сеопфатен приказ на политичкото милје низ сите региони на државава.

Тој истакна дека биле организирани вкупно 15 предизборни дебати меѓу кандидати за градоначалници (13 соочувања пред првиот и две пред вториот круг од изборите), а вклучувајќи ја и емисијата „360 степени“ биле емитувани над 30 интерјуа со учесници во изборната кампања.

Како посебно значаен проект во целиот изборен циклус тој ги истакна дебатните емисии „Објектив“, во којшто беа презентирани анкети на јавното мислење коишто го детектираа политичкото расположение на гласачите во повеќе општини низ државава и во градот Скопје. Резултатите од истражувањата што ги спроведе Институтот за политички истражувања беа детално анализирани со гости експерти и ја потврдија позицијата на МРТ како медиум по чие барање ИПИС изработува анкети коишто многу прецизно ја отсликуваат популарноста на политичарите и на партиите меѓу гласачите.

Исто така рече дека во рамките на овој препознатлив и етаблиран серијал дебатни емисии се вклопија и отворените студија во деновите во коишто се одржаа двата изборни круга, како и 24 часа потоа. Освен што во нив се доловуваше амбиентот во изборните штабови на политичките партии, отворените студија беа и полигон во којшто влијателни и докажани експерти од политичкиот и од економскиот живот ги анализираа изборните резултати коишто тековно се соопштуваа со користење на најсовремени аудиовизуелни алатки.

На крај истакна дека сето ова било наведено и во извештајот од изборното медиумско претставување во првиот круг од Локалните избори 2025 година, за периодот од 29 септември до 17 октомври 2025 година, којштo Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ) го објави на 3 ноември 2025, денот на одржувањето на вториот круг.

Понатаму збор зема Миле Грозданоски кој даде забелешка за отвореното студио, каде имало помалку гости, а разговорите биле долги и се повторувале. Тој рече дека подобро би било да има повеќе гости, со пократки разговори, со што би се задржало вниманието на гледачите.

На ова одговори Драган Николовски, Одговорен уредник на МТВ1 кој рече дека делумно се согласува со забелешката, но тоа се случувало во воведниот дел на отвореното студио, се до почетокот на објавувањето на пресекот на резулатите, затоа што претходно не би можеле да се прејудицираат резултатите, па затоа се воделе постерилни разговори. Кулминацијата била со главните гости во подоцнежниот период.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски се заблагодари на Одговорните уредници за презентираните извештаи од Локалните избори и препорача во името на сите членов на Советот за тоа да биде награден кадарот кој бил ангажиран во процесот.

На крајот, претседателот даде краток осврт на оценката на Извештајот за напредок на земјата за 2025 година на Европската комисија во делот што се однесува на јавниот сервис Македонска радио телевизија. Притоа информираше дека, и покрај подобреното и поизвесно финансирање и изборот на нов Програмски совет, МРТ и понатаму се соочува со значајни предизвици, особено во поглед на потребата за зголемена институционална автономија. Исто така беше истакнато дека, според извештајот, потребни се дополнителни напори за модернизација и унапредување на професионалните стандарди на јавниот сервис.

Претседателот посочи дека овие согледувања во целост се совпаѓаат со дел од приоритетите на новиот Програмски совет, особено во делот на јакнење на институционалната независност на јавниот сервис и заложбата на Советот за иницирање и подготвување на посебен закон за МРТ.

### Точка 3. Известување од ССНМ

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски ја отвори следната точка која се однесува на разгледување на Известувањето од ССНМ од 4 ноември 2025 година, со кое Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, преку синдикалната група во МРТ, информира дека согласно член 212 од Законот за работни односи го исполнил законскиот критериум од 20 проценти за стекнување статус на репрезентативен синдикат на ниво на работодавач.

Во оваа точка, Советот го запозна со содржината на Известувањето, а дополнително предложи Директорот на МРТ да ги задолжи надлежните служби на МРТ да ја процесуираат доставената документација и да ја потврдат исполнетоста на критериумите.

Дополнително за следната седница ќе се подготви информација и предлог-заклучок, кои ќе бидат доставени согласно член 14 од Деловникот за работа на Програмскиот совет, според кој како дел од материјалите за седницата задолжително се доставуваат сите предлог-одлуки, заради увид, запознавање и можност за нивно разгледување и усвојување.

На тој начин ќе се постапи транспарентно и во согласност со законската рамка, обезбедувајќи формална постапка за потврдување на репрезентативноста на ССНМ во МРТ.

Потоа побара збор Ивана Ефремовски која информираше за допис од ЈНУ Институт за национална историја, кој пристигнал на меил адресата на Програмскиот совет на МРТ, а се однесува на стручна поддршка и помош за сочувување на магнетофонски ленти, со кои се снимале сведоштва и се правеле интервјуа со личности и групи во целата земја и собрале богат етнографски материјал (усмена историја), сведоштва на директни и индиректни учесници во различни настани, историски, културни, социјални, партиски и други, од општествениот живот на земјата. Тие замолуваат да се испрати тим од специјалисти којшто би направил прецизен увид за кој тип студиски ленти станува збор, за потоа плански да се пристапи кон префрлање/преснимување на соодветни носачи на звук или евентуално дигитализирање.

Следствено на горенаведеното Претседателот Давор Пашоски предложи да се задолжи Директорот на МРТ Марјан Цветковски, за натамошно постапување во врска со овој допис.

**Точка 4. Запознавање со технички-технолошки капацитети и инфраструктура на МРТ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори следната точка, која се однесува на запознавање со техничко-технолошките капацитети и инфраструктурата на Македонската радио телевизија.

Тој напомена дека во рамки на оваа активност, ќе се реализира теренска обиколка (тура) на просториите и техничките капацитети на јавниот сервис - студијата на програмските сервиси на Македонското радио и на Македонската телевизија, редакциите и сл.

Целта е членовите на Советот одблиску да се запознаат со техничките, продукциските и инфраструктурните можности на МРТ, како и со реалните потреби и предизвици во овој сегмент.

Продолжи дека оваа посета ќе претставува чекор кон систематско согледување на капацитетите, како основа за натамошно планирање на идни инвестиции и модернизација на јавниот сервис кои би биле дел и од новата петгодишна стратегија за развој на МРТ.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба и ја закажа следната седница на 17.11.2025 година во 11:00 часот.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски ја затвори Шеснаесетата седница на Програмски совет на МРТ во 12:02 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-6374/4
06.11.2025г.

_________________________
Давор Пашоски